**Известување за концентрација со која ПЕТРОЛ Словенска енергетска дружба д.д. Љубљана ќе стекне самостојна контрола над Привредно друштво ПЕТРОЛ ЛПГ доо Белград-Раковица (предмет бр. 08-95 од 04.12.2019 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) на ден 04.12.2019 годинаа дополнето на 06.12.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошен текст: Комисијата) доставено е известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна ПЕТРОЛ Словенска енергетска дружба д.д. Љубљана PETROL., (Slovenska energetska druzba, d.d., Ljubljana) со регистрирано седиште на Дунајска цеста бр. 50, 1000 Љубљана, Словенија над Привредно друштво ПЕТРОЛ ЛПГ доо Белград-Раковица (Privredno drustvo PETROL LPG d.o.o. Beograd – Rakovica) со регистрирано седиште на ул. Патријарха Димитрија бр. 12, Белград-Раковица, Србија, по пат на купување удели во целното друштво.

**Учесници во концентрацијата и нивните деловни активности:**

-ПЕТРОЛ Словенска енергетска дружба д.д. Љубљана (PETROL., Slovenska energetska druzba, d.d., Ljubljana), со седиште на Дунајска цеста бр. 50, 1000 Љубљана, Словенија (Dunajska cesta 50, 1000 Ljubljana, Slovenia) е акционерско друштво регистрирано согласно законите во Република Словенија, чија главна дејност е трговија со нафтени производи, останати трговски добра и услуги. Компанијата поседува низа компании во Словенија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Австрија, Чешка и Романија преку кои обавува дејност на продажба на нафта и нафтени деривати, гас, дистрибуција на нафта и гас, трговија со разни стоки во рамките на својата мрежа на бензиски пумпи, трговија со електрична енергија и слично.

ПЕТРОЛ Словенска енергетска дружба д.д. Љубљана е присутно во Република Северна Македонија преку Друштво за трговија со електрична енергија ПЕТРОЛ-ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Беласица" бр. 2, Скопје, Република Северна Македонија, е друштво со предмет на работење трговија на електрична енергија. ПЕТРОЛ-ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Скопје е поврзано друштво и истото е во 100% сопственост на ПЕТРОЛ Словенска енергетска дружба д.д. Љубљана.

-Привредно друштво ПЕТРОЛ ЛПГ доо Белград-Раковица (Privredno drustvo PETROL LPG d.o.o. Beograd – Rakovica), ул. „Патријарха Димитрија" бр. 12, Белград-Раковица, Србија (Patrijarha Dimitrija 12, Beograd-Rakovica, Srbija) претставува друштво регистрирано согласно законите во Република Србија, чија главна дејност е производство на нафтени деривати, продажба на течен нафтен гас.

Друштвото ПЕТРОЛ дд. Љубљана веќе поседува 51% удел во друштвото ПЕТРОЛ ЛПГ доо Белград и има намера да се стекне со преостанатиот удел од 49% од другиот содружник Бојан Коцич со што ќе стекне директна целосна контрола над ПЕТРОЛ ЛПГ доо Белград.

Релевантен пазар на кој би се однесувала концентрацијата во Република Северна Македонија е пазарот на течен нафтен гас.

10.12.2019 година

Скопје